# АНТИЧКА ДРАМА



Дионис свири на лира, а околу него танцуваат сатирите, шумски суштества кои носат тропала и разгранок од виновата лоза

## 1. Потекло на драмата

**Драмата е најсложениот книжевен род што се развил во античката книжевност по лириката и епиката. Во драмскиот текст се среќаваат епски и лирски елементи, додека на сцена при изведба на драмскиот текст била застапена музичката и танцовата уметност. Од уметничките книжевни родови единствено драмата е чист изум на старите Хелени што настанал под влијание на култот кон богот Дионис, тракиско божество на виното, веселбата и гроздоберот.**

## 2. Потекло на зборот и особености на драмата

**Зборот „драма“ потекнува од старогрчката именка drama (стгрч. δρᾶμα) што значи дејство, чин, односно одигрување на некаков настан.**

Дејството во драмата го водат **драмските лица** и **хорот**. Драмските актери на сцена во театар ги оживуваат драмските лица од текстот и водат меѓусебен дијалог или монолог. Дијалогот е разговор помеѓу два драмски актери, а монологот е „самоговор“, односно дел од драмата кога актерот зборува самиот со себе. Хорот во состав од група мажи повремено навлегувал во орхестрата, полукружниот дел од театарот и пеел лирски песни во кои ги опејувал настаните од драмскиот текст. Хорот понекогаш и разговарал со актерот на сцена.

Подоцнежните трагедиографи и комедиографи го исфрлиле хорот од драмскиот текст, па и од театарската сцена сметајќи дека е непотребен.

Антички театар



Театарски маски



## 3. Видови на драмски текст

**ТРАГЕДИЈА** – драмски текст со тажна или трагична содржина

**КОМЕДИЈА** – драмски текст со смешна или комична содржина

За разлика од денес, драмскиот текст во антиката бил пишуван во стихови, така што актерите кои глумеле на сцена пееле додека воделе дијалог.

## 4. Антички драмски поети

**Хеленски трагедиографи**

**Софокле, Ајсхил и Еврипид**

**Хеленски комедиографи**

**Аристофан и Менандар**

**Римски комедиографи**

**Плаут и Теренциј**



Портрет на Менандар




Сликан портрет на Плаут



Биста на Аристофан



Биста на Ајсхил



Скулптура на Софокле



Скулптура на Еврипид

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
CC BY NC ND